# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2025

КОМИСИЈА ЗА
ЗАШТИТА ОД ДИ

Годишен извештај за работата на

# Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

за 2025 година

Скопје, март 2026

# Содржина


Резиме ... 6

Поставеност, законски надлежности и состав на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ... 9

Законска рамка ... 9

Членови на КСЗД ... 10

Стручна служба ... 11

Статус на имплементирање надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ... 14

Претставки за заштита од дискриминација ... 14

Демографски податоци за подносителите на претставки ... 17

Географска мапа на подносителите на претставки ... 18

Пријавени основи на дискриминација ... 21

Пријавени области на дискриминација ... 23

Постапки за заштита од дискриминација поведени по службена должност ... 25

Одлучување на Комисијата по предмети за заштита од дискриминација ... 26

Утврдена дискриминација во 2025 година ... 29

Видови дискриминација во случаите утврдени во 2025 година ... 29

Основи на дискриминација во случаите утврдени во 2025 година ... 30

Области на дискриминација во случаите утврдени во 2025 година ... 31

Статус на исполнување на препораките на Комисијата ... 33

Вклучување на КСЗД во судска постапка како замешувач и како пријател на судот „amicus curiae“ ... 33

Мислења на КСЗД по закони и други стручни мислења ... 34

Општи препораки на комисијата ... 35

Превентивни и други активности на КСЗД ... 36

Разговори за еднаквост ... 36

Тематски извештај „Повеќекратна и интерсекциска дискриминација во областа работа и работни односи на Ромките“ ... 36

„Еден тим за секое дете – нулта дискриминација“. ... 37

Национална кампања „1 од 5 – Стоп за сексуалното насилство врз деца“ ... 37

Соработка Совет на Европа ... 38

Обуки од Програмата за парламентарна поддршка ... 38

Обуки со училишта (Американ колеџ) ... 39
Средно економско и правно училиште на Град Скопје "Арсени Јовков"-Скопје ... 39
Обука НБРСМ ... 39
Иницијатива за завршување на веќе отпочнатата постапка за носење на Предлог законот за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување ... 40
Учество во Меѓуресорско тело за човекови права ... 40
Учество во Мултисекторско работно тело ... 41
Меморандуми за соработка со институции и организации ... 41
Меѓународно известување и застапување ... 42
Присуство на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во медиумите ... 44
Буџет и финансиско работење ... 46
Прилог 1: Случаи од праксата ... 48
Прилог 2: Завршна сметка ... 53

# Резиме

Овој извештај ги презентира постигнувањата и реализираните активности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму во текстот: КСЗД или Комисијата) во 2025 година.

КСЗД е национална институција за човекови права, надлежна за спречување и заштита од дискриминација. Таа е самостоен и независен орган основан од Собранието на Република Северна Македонија и своите надлежности ги врши во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во 2025 година, КСЗД работеше на вкупно 559 предмети за заштита од дискриминација, од кои 448 нови, отворени во 2025 година и 111 предмети пренесени од претходната 2024 година. Од новите 448 предмети, 444 се претставки поднесени од граѓани и организации, а останатите 4 се постапки кои КСЗД ги поведе по службена должност.

Најголем број претставки се поднесени за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност (22%), а потоа следат друга основа, политичко уверување (18%), лично својство и општествен статус (17%), образование (11%), пол (10%), род (8%), здравствена состојба (8%), попреченост (5%) и возраст (5%). Жените почесто од мажите пријавиле дискриминација врз основите пол, род, образование, возраст, семејна или брачна состојба и друга основа, додека мажите почесто од жените поднеле претставки за заштита од дискриминација врз основите национална или етничка припадност, политичко уверување, лично својство и општествен статус и имотен статус.

Во поглед на областите, најмногу претставки се поднесени за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи (52%), а добивме пријави и во областите образование, наука и спорт (11%), пристап до добра и услуги (10%), јавно информирање и медиуми (10%), социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита (6%), правосудство и управа (6%), други области (5%), членување и дејствување во синдикални политички партии здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство (4%), домување (2%) и култура (2%).

Заклучно со 31.12.2025 година КСЗД донесе вкупно 359 одлуки по предмети за заштита од дискриминација, од кои 151 или 42% се мислења по спроведена постапка за утврдување на дискриминација и 208 или 58% се заклучоци за отфрлање на претставката, односно за непостапување или запирање на постапката. Најмногу од претставките за кои не можеше да се спроведе постапка, беа отфрлени заради неуредност на поднесокот или затоа што КСЗД немаше законска надлежност да постапува. Независно што не се поведе постапка за утврдување на дискриминација, Комисијата во сите овие случаи, на подносителите им даваше информации и насоки за начинот и јавниот орган до кој треба да се обратат заради остварување на нивните права.

Од предметите за кои КСЗД донесе мислење по спроведена постапка за утврдување на дискриминација, во 56 случаи или 37% се утврди дискриминација, а во 95 случаи или 63% не се утврди дискриминација.

Националната или етничката припадност е најчесто утврдена основа за дискриминација во мислењата на Комисијата во 2025 година, и тоа во 29% од вкупно утврдените случаи, а потоа следат основите друга основа, пол, попреченост, лично својство и општествен статус, род и политичко уверување, како и други помалку застапени основи. Исто како и во претходната година, најголем број утврдени случаи на дискриминацијата во 2025 година, се во институциите на јавниот сектор (38 случаи или 68%), а утврдени се и случаи во приватниот сектор (11 случаи или 20%), како и на социјалните мрежи и медиумите (7 случаи или 13%).

Како во минатата година, во мислењата КСЗД во 2025 година, најчесто е утврдена дискриминација во областа на работата и работните односи и тоа во 29 случаи или 52% од вкупниот број донесени мислења, а потоа следат утврдените случаи во областите на образование, наука и спорт, пристап до добра и услуги и јавно информирање и медиуми.

Комисијата како централно национално тело за еднаквост, дава стручни мислења по предлози на закони од значење за спречување и заштита од дискриминација и придонесува во измените и дополнувањата на законската рамка, со цел усогласување на истата со Законот за спречување и заштита од дискриминација на начин на кој законите ќе вклучуваат одредби за заштита и превенција од сите форми на дискриминација. Во 2025 година, до Собранието на Република Северна Македонија достави две информации во однос на потребни законски измени и дополнувања, за отстранување на индиректна дискриминација од два закони. Едната за потребата од измени и дополнувања на Законот за високо образование, како резултат на утврдена индиректна дискриминација во 2024 година, кон вработени здравствени работници во приватните здравствени установи, а другата за измени и дополнувања на Законот за културата, согласно утврдена индиректна и продолжена дискриминација кон носители на државни награди од областа на културата и уметноста во врска со нееднаков износ на месечен надоместок. Дополнително, донесе општа препорака до општините и Министерството за локална самоуправа за обезбедување системски и недискриминаторски мерки во областа на домувањето во супстандардни населби.

Во 2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација активно ги користеше своите законски надлежности преку учество во судски постапки како пријател на судот (amicus curiae), поднесувајќи три барања пред Основниот граѓански суд Скопје во предмети поврзани со дискриминација по основ на политичка припадност, сексуална ориентација, родов идентитет и припадност на маргинализирана група.

Во 2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација реализираше обемна програма на превентивни, едукативни и застапувачки активности насочени кон унапредување на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација. Беше организирано второто издание на настанот „Разговори за еднаквост“, посветено на правото на домување на Ромите, при што беа разгледани системските предизвици и беа упатени препораки до

општините за обезбедување соодветно и недискриминаторско домување. Со поддршка на ЕУ беше изготвен тематски извештај за повеќекратна и интерсекциска дискриминација на Ромките во работните односи, со конкретни препораки за институционално унапредување и доследна примена на законодавството. Комисијата спроведе национални кампањи како „Еден тим за секое дете – нулта дискриминација" и „1 од 5 – Стоп за сексуално насилство врз деца", насочени кон подигнување на јавната свест и јакнење на механизмите за заштита. Реализираше и бројни обуки за парламентарни асистенти, ученици и вработени во институции, со цел подобро препознавање и постапување во случаи на дискриминација. Дополнително, иницираше забрзување на законските измени за здравствено осигурување на индивидуалните земјоделки и активно учествуваше во Меѓуресорско тело за човекови права. Исто така, Комисијата активно се вклучи во работата на Мултисекторското работно тело во рамки на проектот „Опсерваторија за фемициди", придонесувајќи кон системски пристап за превенција и мониторинг на фемициди и обиди за фемициди, како и кон зајакнување на институционалната координација во борбата против родово базираното насилство. Во текот на годината, КСЗД спроведе и други превентивни активности со партнерски организации од земјата и од странство, а исто така ја продолжи и продлабочи соработката со граѓанскиот сектор и државните институции преку склучување на нови осум меморандуми за соработка.

Дел од утврдените случаи за кои се цени дека имаат поголем импакт или се однесуваат на системски проблем кој предизвикува дискриминација или може да стави во дискриминирана положба поголема група лица, КСЗД дополнително ги презентира на своите јавни настапи, потоа во посебни тематски извештаи, објавување на соопштенија и изјави.

Годишниот извештај дава јасен и структуриран преглед на имплементирањето на надлежностите на КСЗД и изобилува со статистички податоци од работењето во 2025 година. Прикажани се и статусот, раководството, надлежностите и организациската структура на Комисијата, реализираните активности, остварената соработка со други институции и организации од земјата и од странство, медиумската присутност, како и буџетското и финансиското работење на КСЗД.

Извештајот содржи два прилози, и тоа:

Прилог 1: Издвоени случаи од практиката
Прилог 2: Завршна сметка за 2025 година

# Поставеност, законски надлежности и состав на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

## Законска рамка

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е основана со Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ“ бр. 258/2020), како самостоен и независен орган и има својство на правно лице. Надлежностите на Комисијата може да се поделат во следните главни функции: превентивна, промотивна, заштитна и советодавна-експертска, а истите се таксативно наведени во членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

- презема активности за промоција, заштита и превенција за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата;
- го следи спроведување на Законот и да дава свои мислења и препораки;
- промовира принцип на еднаквост, право на недискриминација и справувањето со сите форми на дискриминација преку зголемување на јавната свест, информирање и едукација;
- придонесува во изготвување и примена на програми и материјали од областа на формалното и неформалното образование;
- изготвува и објавува посебни и тематски извештаи за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата;
- дава општи препораки за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата и го следи нивното спроведување;
- се залага за ратификација на билатерални или мултилатерални меѓународни договори од областа на човековите права или за пристапување кон истите и го следи нивното спроведување;
- придонесува при изготвување на извештаите што државата е должна да ги поднесува до меѓународните и регионалните тела за човекови права и придонесува за спроведување на нивните препораки;
- промовира и предлага усогласување на националното законодавство, прописи и практики со меѓународните и регионалните инструменти за човекови права;
- иницира измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација;
- дава мислења по предлози на закони од значење за спречување и заштита од дискриминација;
- воспоставува соработката со физички и правни лица, како и со здруженија, фондации, социјални партнери за остварување на принципот на еднаквост и унапредување на спречувањето и заштитата од дискриминација;
- соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни и регионални организации на полето на заштита од дискриминација;

- постапува по претставки, носи мислења, препораки и заклучоци за конкретните случаи на дискриминација;
- поведува постапка за заштита од дискриминација по службена должност;
- дава информации на заинтересираното лице за своите права и можности за покренување на судска или друга постапка;
- го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација сè до исполнување на препораките дадени од КСЗД;
- се јавува како замешувач во судски постапки;
- може да дејствува како пријател на судот (amicus curiae);
- за својата работа КСЗД квартално ја информира јавноста за случаите на дискриминација, ги споделува своите мислења и препораки на јавноста преку кој било медиум;
- КСЗД има можност да формира советодавни тела од експерти за одредени специфични прашања, да прибира и објавува статистички и други податоци и формира бази на податоци поврзани со спречување и унапредување на заштитата од дискриминација;
- КСЗД за својата работа поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија и има обврска сите извештаи, вклучително и финансискиот извештај, да ги објавува на интернет-страницата на КСЗД.

## Членови на КСЗД

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е составена од седум члена, кои ги избира Собранието на Република Северна Македонија. Членовите имаат статус на именувани лица и ја извршуваат функцијата професионално, при што таа е неспоива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

Изборот на членовите се спроведува во транспарентна постапка, која ја спроведува Собранието на Република Северна Македонија, која вклучува објавување јавен оглас и спроведување јавна расправа, при што како критериум за избор е предвиден и условот од најмалку седум години работно искуство во областа на човековите права, од кои најмалку пет години во областа на еднаквоста и недискриминацијата, со што се гарантира професионалноста на избраните членови на Комисијата и ја намалува можноста за влијание и арбитрарност во самиот процес на избор на членовите.

Членовите на Комисијата се избираат со мандат од пет години, со право на уште еден последователен избор. При изборот на првиот состав на Комисијата, согласно законот со кој е основана, четири члена беа избрани со мандат од пет години, а три члена со мандат од три години, со цел обезбедување континуитет во работењето. Од редот на членовите на Комисијата се избира претседател, со мандат од една година, без право на повторен избор.

Во текот на 2025 година, Собранието на Република Северна Македонија, на 8 април 2025 година, донесе одлука за избор на нов член поради истек на мандат на еден од членовите.

Комисијата работеше во полн состав до 25 октомври 2025 година, кога на еден од членовите му престана мандатот поради исполнување на условите за старосна пензија.

## Стручна служба

Во Комисијата, за извршување на стручните, административните и техничките работи е задолжена Стручната служба. Вработените во Стручната служба имаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

Организацијата и работата на Стручната служба се уредуваат со интерни акти на Комисијата, а со нејзиното работење раководи генерален секретар, кој го назначува Комисијата, во согласност со закон.

Врз основа на спроведена функционална анализа, донесени се Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места на Стручната служба, со кои е утврдена следната организациска поставеност:

1. **Сектор за административно-финансиска поддршка**
   - 1.1. Одделение за општи и правни работи
   - 1.2. Одделение за односи со јавноста
   - 1.3. Одделение за финансиски прашања
2. **Сектор за спречување и заштита од дискриминација**
   - 2.1. Одделение за заштита од дискриминација
   - 2.2. Одделение за спречување на дискриминација и промоција на принципот на еднаквост
3. **Сектор за аналитика, меѓуинституционална национална соработка и меѓународна соработка**
   - 3.1. Одделение за меѓународна соработка и соработка со институции и граѓански организации
   - 3.2. Одделение за истражувања и анализи

Графичкиот приказ на организациската структура е даден на Графикон 1.




*Графикон 1 - Во Правилникот за систематизација на работни места во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се систематизирани 40 работни места на административни службеници со вкупно 46 извршители, од кои пополнети се само 17 работни места, што претставува 37 % пополнетост*

Бројот на вработени во Стручната служба на Комисијата е подложен на континуирани промени, при што се преземаат постојани напори за целосно кадровско екипирање на службата. Иако процесот се одвива со бавно темпо, сепак забележлив е одреден напредок, поради што бројот на вработени административни службеници како и нивото на нивните компетенции во извештајната 2025 година е зголемен и подобрен во споредба со 2024 година.

Почитувајќи ги укажувањето на Министерството за финансии, со кои не беше дадена согласност на Предлог-годишниот план за вработување за 2025 година, а кое се темелеше на определбата на Владата на Република Северна Македонија за оптимизирање на јавната администрација, во Годишниот план за вработување за 2025 година, одобрен од Министерството за финансии, за Комисијата беа предвидени само две унапредувања на административни службеници по пат на интерен оглас, едно унапредување односно распоредување, како и две преземања од други институции. И покрај наведеното, вкупниот број на вработени во Стручната служба во текот на 2025 година се зголеми за еден административен службеник во однос на претходната година.

Во текот на извештајниот период беа реализирани следниве кадровски промени: едно спогодбено раскинување на работниот однос; две преземања на административни службеници од други институции – едно на работно место советник и едно на работно место раководител на одделение; како и три унапредувања, од кои едно од помлад соработник во

советник, едно од советник во раководител на одделение и едно унапредување, односно распоредување, согласно член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020), од работно место самостоен референт во работно место помлад соработник. Пополнувањето на работните места и наведените кадровски промени се реализирани во согласност со важечките законски и подзаконски прописи.

Со континуирани напори за зголемување на бројот на вработени и унапредување на нивните компетенции, се настојува да се изгради поефикасна, поодговорна и професионална Стручна служба, која ќе овозможи поквалитетно извршување на работните задачи и поцелосно остварување на надлежностите на Комисијата. Сепак, состојбата со ограничени човечки ресурси и високиот процент на непополнети работни места значително го намалуваат капацитетот на Стручната служба за непречено функционирање и навремено исполнување на работните обврски. Оттука, стратегиската определба за јакнење на институционалните капацитети и човечките ресурси, како и за создавање на стручна, независна и професионална Стручна служба, останува приоритет и предизвик и во 2026 година, со цел обезбедување повисоко ниво на ефикасност и квалитет во работењето на Комисијата.

Во 2025 година КСЗД не доби финансиска согласност за нови вработувања и покрај тоа што има голем број на непополнети работни места. Во продолжение следи приказ на пополнетост на работни места на административните службеници и приказ на пополнетост на избрани членови на Комисијата. На Графикон 2 е даден приказ на состојбата со екипираност со човечки ресурси во Комисијата (членови и стручна служба), односно процентот на пополнети позиции на работни места во стручната служба и процентот на пополнети позиции на именувани лица заклучно со 31.12.2025 година.




*Графикон 2*

## Статус на имплементирање надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Во согласност со утврдените надлежности во Законот за спречување и заштита од дискриминација и Деловникот за работа, Комисијата работи постојано, а одлучува на седници што се одржуваат по потреба. Во 2025 година, КСЗД работеше на вкупно 559 предмети за заштита од дискриминација, од кои 448 нови, отворени во 2025 година и 111 предмети пренесени во претходната 2024 година (Графикон 3). Разрешени се 391 предмети, од кои 295 предмети отворени во 2025 година и 96 предмети започнати во претходната година. Заклучно со 31.12.2025 година, постапката по 168 предмети кои се започнати во 2025 година продолжува во наредната година.

КСЗД во 2025 година работеше на вкупно 559 предмети за заштита од дискриминација




*Графикон 3*

### Претставки за заштита од дискриминација

Во согласност со член 23 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, секое лице (физичко и правно) може да поднесе претставка за заштита од дискриминација до КСЗД, без обврска за плаќање такса и друг надоместок. Притоа,

- лицата што сметаат дека биле дискриминирани можат да поднесат претставка до КСЗД и тоа лично или застапувани од друго лице (родител/старател во име на неговото малолетно дете или родител/старател во име на лице со попреченост), како и застапувани од адвокат, здружение, фондација или синдикат со претходно дадена согласност
- здруженијата, фондациите, синдикатите или други организации од граѓанското општество и институции, кои имаат оправдан интерес за заштита на интересите на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита од дискриминација, можат да поднесат претставка, ако направат веројатно дека со постапувањето на одредено физичко или правно лице се дискриминирани поголем број лица

Претставка за дискриминација до Комисијата може да се поднесе на повеќе начини – по пошта, лично во простории на КСЗД и електронски.

Поднесување претставка по пошта се врши со испраќање пополнет образец за пријава на дискриминација или своерачен писмен поднесок со сите потребни податоци на адреса на Комисијата

Поднесување претставка може да се поднесе усно на записник или со пополнување на образецот за пријава на дискриминација во просториите на Комисијата

Електронско поднесување претставки е овозможено преку електронскиот сервис „Пријави дискриминација“ на интернет страницата на Комисијата (https://kszd.mk/пријави-дискриминација/) или со испраќање е-пошта на contact@kszd.mk

**Во 2025 година до КСЗД се поднесени 444 претставки за заштита од дискриминација**, што е зголемување за 14% во однос на просечниот број на нови претставки примени во тригодишниот период од 2022-2024 година (Графикон 4). Во споредба со претходната година, бројот на нови претставки во 2025 година е зголемен за 10%.

Во 2025 година поднесени се 444 нови претставки што е зголемување за 14% од просекот во периодот 2022-2024




*Графикон 4*

Од вкупно поднесените 444 претставки во 2025 година, 371 или 84% се пријави за заштита од потенцијална дискриминација поднесени од физички лица (367 индивидуални и 4 групни претставки), а 73 или 16% се претставки поднесени од правни лица за заштита од дискриминација на одредена група или поголем број лица.

Од претставките поднесени од физички лица, 316 или 85% се поднесени лично од граѓани кои сметаат дека биле дискриминирани (Графикон 5), додека преостанатите 24 претставки се поднесени преку овластено лице (адвокат, синдикат или здружение на граѓани), 26

претставки во име на дете на подносителот и 5 претставки поднесени во име на друго физичко лице за што е потребна активна легитимација.

**Граѓаните кои сметаат дека се дискриминирани најчесто поднесуваат претставка до КСЗД лично, без посредник.**

во помал процент поднесуваат претставка преку адвокат, синдикат и здружение




*Графикон 5*

Поголемиот број претставки во 2025 година биле поднесени електронски (233 претставки или 52%), од кои 139 преку алатката Е-претставка на веб-страницата на КСЗД и 94 на адресата на е-пошта. Останатите 211 претставки (48%) се поднесени на традиционален начин, односно по пошта и лично во простории на Комисијата (Графикон 6).

**52% од претставките во 2025 година се поднесени електронски**

Алатката Е-претставка ја искористиле 139 граѓани што преставува 31% од вкупно поднесените претставки




*Графикон 6*

## Демографски податоци за подносителите на претставки

Демографска анкета е составен дел на формуларот[1] за поднесување на претставки. Истата не е задолжителен елемент на претставката, а доколку подносителите се одлучат да ја пополнат, тоа ѝ овозможува на КСЗД пристап до дополнителни податоци што се прибираат, чуваат и обработуваат исклучиво за аналитички цели и во согласност со прописите за заштита на личните податоци. Покрај општите статистички информации, демографските податоци во одредени случаи можат да ѝ користат на Комисијата и како ран сигнал за внимание на потенцијална интерсекциска дискриминација. Во овој извештај се презентира статистика на поднесените претставки од физички лица според полот, етничката припадност и возраста на подносителот (или на лицето во чие име се поднесува претставката доколку како подносител е овластено физичко или правно лице).

Од вкупно 371 физички лица за кои е поднесена претставка за заштита од дискриминација во 2025 година, за 26 не е познат податокот за пол. Од останатите, **речиси идентичен е бројот на поднесени претставки помеѓу мажите и жените** (Графикон 7), односно 175 подносители биле мажи (51%) и 170 жени (49%).




*Графикон 7*

Во однос на националната припадност, 164 подносители или 44% не се изјасниле. Од оние што се изјасниле, 129 биле Македонци, 19 Роми, 15 Албанци, 11 Турци, 5 Бошњаци, 4 Власи и 3 Срби. До Комисијата се доставени и 21 претставки од граѓани што се изјасниле за друга етничка припадност (хрватска, бугарска, црногорска и други кои подносителите конкретно

---

[1] Од претставките кои се поднесени своерачно во писмена форма или усно на записник во простории на Комисијата, доколку јасно не се изразени, не можат да се обезбедат демографски податоци директно од поднесокот. Во одреден број случаи податоци се добиваат и подоцна, во текот на постапката, а во други КСЗД не успева да ги обезбеди и до крајот на постапката.

не ги навеле во претставките). На Графикон 8 е прикажана етничката припадност на подносителите на претставки изразена во проценти.




*Графикон 8*

Податок за возраст не доставиле 121 подносители на претставки. Од подносителите за кои е позната возраста, најмногу се на возраст од 41-50 години, а потоа следат подносители на возраст од 31-40 години и 51-60 години. На Графикон 9 е прикажан вкупниот преглед на бројот на подносители според возраста по возрасни групи.




*Графикон 9*

## Географска мапа на подносителите на претставки

Географска мапа на подносителите на претставки е визуелизација на бројот на претставки која се заснова на адресниот податок на подносителите – за физичките лица тоа е општината

на живеење/престојување, а за правните лица општината на седиштето. Во овој извештај се презентира географската мапа на поднесени претставки по региони и по општини.

Во однос на планските региони, најголем број претставки за заштита од дискриминација во 2025 година, до КСЗД се поднесени од граѓани и организации со адреса/седиште во општините од Скопскиот плански регион – 219 претставки или 49% (Графикон 10). Бројот на претставки од останатите региони е следниот:

- 60 или 14% од општините во Пелагонискиот плански регион
- 36 или 8% од општините во Југозападниот плански регион
- 29 или 7% од општините во Источниот плански регион
- 26 или 6% од општините во Вардарскиот плански регион
- 26 или 6% од општините во Полошкиот плански регион
- 10 или 2% од општините во Североисточниот плански регион, и
- 8 или 2% од општините во Југоисточниот плански регион

Претставки за заштита од дискриминација
доставиле подносители од сите региони




*Графикон 10*

Во однос на општините, најмногу претставки во 2025 година, се поднесени од граѓани и организации со адреса/седиште во Скопје – 210 претставки, или 47%. Бројот на претставки од останатите општини е следниот:

- 37 од Битола
- 22 од Охрид
- по 14 од Велес и Прилеп
- 12 од Тетово

- 10 од Штип
- по 8 од Кичево и Гостивар
- 7 од Куманово
- по 5 од Кавадарци и Илинден
- по 4 од Берово и Делчево
- по 3 од Демир Капија, Виница, Кочани, Дебар, Струмица, Долнени и Врапчиште
- по 2 од Неготино, Пробиштип, Чешиново-Облешево, Дојран, Радовиш, Ресен и Маврово и Ростуше, и
- по 1 претставка од Росоман, Свети Николе, Пехчево, Македонски Брод, Пласница, Струга, Гевгелија, Демир Хисар, Кривогаштани, Крушево, Новаци, Јегуновце, Кратово, Крива Паланка, Липково, Зелениково, Петровец, Студеничани и Чучер-Сандево.

Во 2025 година, до Комисијата, со 17 претставки за заштита од дискриминација се обратиле подносители со адреса, односно седиште во странство, и тоа 13 претставки од граѓанска организација со седиште во Брисел, Белгија, и по 1 претставка доставиле лица од Австралија, Турција, Словенија и Србија. Пристигнати беа и 13 претставки за кои подносителите не го оставиле нивниот адресен податок, кој е задолжителен елемент на претставката.

## Пријавени основи на дискриминација

**Најчеста пријавена основа за дискриминација во 2025 година, е *националната или етничката припадност***, која е посочена во 99 претставки што е 22% од вкупниот број претставки (Графикон 11). Потоа следат пријави за дискриминација врз основа на друга основа (20%), политичко уверување (18%), лично својство и општествен статус (17%), образование (11%), пол (10%), род (8%), здравствена состојба (8%), попреченост (5%) и возраст (5%). Пријавена е дискриминација и врз 13 други основи, но истите се застапени во помалку од 5% во поднесените претставки. Во 62 претставки (14%) подносителот во претставката не ја навел дискриминаторската основа.

Етничката припадност е најчеста пријавена основа за дискриминација во 2025 година




*Графикон 11*

Како и во минатите години, многу подносители на претставки како основа за дискриминација ја означуваат опцијата „друга основа". Во 2025 година тоа било случај со 90 претставки, што е 20% од вкупниот број. Од нив, како почесто идентификувани се основите бременост, раѓање и мајчинство (13 претставки) и членување во синдикална организација (14 претставки).

Во 174 претставки или 39% подносителите означиле повеќе основи и истите се можна индикација за случаи на повеќекратна или интерсекциска дискриминација. Ваквиот чест наод на поднесоци во кои се означени повеќе основи треба да се има во предвид бидејќи во статистичката презентација на основите на дискриминација се прикажува вкупниот број на претставки во кои истата била пријавена (Графикон 12).

Број на претставки според пријавената основа
во 39% од претставките подносителите означиле повеќе основи




*Графикон 12*

Во однос на пријавените основи на дискриминација кај жените и мажите, во 2025 година, жените почесто од мажите пријавиле дискриминација врз основите пол, род, образование, возраст, семејна или брачна состојба и друга основа, додека мажите почесто од жените поднеле претставки за заштита од дискриминација врз основите национална или етничка припадност, политичко уверување, лично својство и општествен статус и имотен статус. Во Табела 1 е прикажан бројот на претставки според пријавената основа кај правните и физичките лица, кај кои податоците дополнително се десегрегирани според полот на подносителот.

| Број на претставки во секоја од пријавените основи на дискриминација според подносителот на претставка | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Пријавена основа / Вид на подносител | Физички лица | | | Правни лица |
| | Жени | Мажи | Нема податок за пол | |
| Раса | 0 | 6 | 0 | 3 |
| Боја на кожа | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Потекло | 7 | 4 | 0 | 1 |
| Национална или етничка припадност | 25 | 38 | 7 | 29 |
| Пол | 28 | 11 | 0 | 8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Род | 21 | 8 | 1 | 7 |
| Сексуална ориентација | 1 | 2 | 0 | 2 |
| Родов идентитет | 2 | 1 | 0 | 1 |
| Припадност на маргинализирана група | 4 | 9 | 1 | 4 |
| Јазик | 6 | 6 | 0 | 1 |
| Државјанство | 4 | 3 | 0 | 0 |
| Социјално потекло | 8 | 11 | 1 | 1 |
| Образование | 26 | 22 | 0 | 1 |
| Религија или верско уверување | 10 | 6 | 0 | 0 |
| Политичко уверување | 31 | 40 | 2 | 6 |
| Друго уверување | 6 | 7 | 1 | 1 |
| Попреченост | 5 | 6 | 5 | 7 |
| Возраст | 13 | 6 | 0 | 2 |
| Семејна или брачна состојба | 10 | 6 | 2 | 4 |
| Имотен статус | 3 | 10 | 3 | 1 |
| Здравствена состојба | 16 | 16 | 1 | 2 |
| Лично својство и општествен статус | 26 | 35 | 6 | 11 |
| Друга основа | 47 | 27 | 5 | 12 |

*Табела 1 – Број на поднесени претставки за секоја од основите според видот на подносител*

## Пријавени области на дискриминација

**Најмногу претставки за заштита од дискриминација во 2025 година, биле во областа на работата и работните односи, која е посочена во 52% од вкупниот број поднесени претставки** (Графикон 13).

Секоја втора примена претставка во 2025 година е за потенцијална дискриминација во работните односи




*Графикон 13*

Од останатите пријавени области следат: образование, наука и спорт (11%), пристап до добра и услуги (10%), јавно информирање и медиуми (10%), социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита (6%), правосудство и управа (6%), други области (5%),

членување и дејствување во синдикални политички партии здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство (4%), домување (2%) и култура (2%). Не е означена област на дискриминација во 20 поднесени претставки. Целосниот преглед на бројот на претставки за секоја од пријавените области на дискриминација е прикажан на Графикон 14.




*Графикон 14*

Исто како и за основите, подносителите во пријавите означуваат повеќе области на потенцијална дискриминација и тоа е случај во 33 претставки, односно 7% од вкупно поднесените претставки.

Работата и работните односи како најчеста пријавена област на дискриминација речиси подеднакво била означена во претставките на жените и мажите, со нешто повеќе претставки примени од жените. Жените почесто од мажите пријавиле дискриминација во областа на образование, наука и спорт, а мажите почесто од жените поднеле претставки за заштита од дискриминација во областите правосудство и управа, домување, пристап до добра и услуги. Целосниот преглед на бројот на претставки според пријавената област помеѓу мажите и жените, како и областите пријавени во претставките на правните лица е даден во Табела 2.

| Број на претставки во секоја од пријавените области на дискриминација според подносителот на претставка | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Пријавена област / Вид на подносител | Физички лица | | | Правно лице |
| | Жени | Мажи | Нема податок за пол | |
| Работата и работните односи | 106 | 100 | 9 | 15 |
| Образование наука и спорт | 28 | 11 | 1 | 7 |
| Социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита | 8 | 13 | 2 | 3 |
| Правосудство и управа | 5 | 16 | 2 | 2 |
| Домување | 1 | 6 | 1 | 2 |
| Јавно информирање и медиуми | 5 | 8 | 6 | 24 |
| Пристап до добра и услуги | 12 | 21 | 3 | 8 |
| Членување и дејствување во синдикални политички партии здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство | 7 | 3 | 1 | 5 |
| Култура | 1 | 1 | 0 | 6 |
| Други области | 7 | 7 | 1 | 4 |

*Табела 2 - Број на поднесени претставки во секоја од областите според видот на подносител*

## Постапки за заштита од дискриминација поведени по службена должност

Согласно член 21 став 1 точка 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, КСЗД поведува постапка за заштита од дискриминација по службена должност. Комисијата истата ја покренува ако од околностите и фактите, како и од сознанието добиено по допрен глас, основано произлегува дека е извршена дискриминација во согласност со дискриминаторските основи.

Согласно Законот, сите физички и правни лица, државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, други органи и организации кои вршат јавни овластувања и јавни установи и служби, се должни на барање на Комисијата да дадат податоци за конкретни случаи на дискриминација и општи практики на дискриминација во рок од осум дена од денот на прием на барањето.

Во 2025 година, КСЗД поведе четири нови постапки за заштита од дискриминација по службена должност:

- Една од нив се однесува на постапка за утврдување на директна продолжена дискриминација врз основа на здравствена состојба и попреченост во областа на пристап до здравствена заштита кон пациентите сместени во ЈЗУ Психијатриска болница – Демир Хисар, ЈЗУ Психијатриска болница – Скопје и ЈЗУ Психијатриска болница – Негорци, како и од страна на Министерството за здравство. Врз основа на утврдената фактичка состојба, констатирани се долготрајни и системски

недостатоци во однос на кадровската екипираност, материјално-техничките услови, хигиената, инфраструктурата и обезбедувањето на соодветен транспорт и нега, што резултирало со понеповолна положба на лицата со ментални нарушувања кои се сместени во овие установи во споредба со останатите пациенти во здравствениот систем. Комисијата оцени дека ваквата состојба не претставува изолиран пропуст, туку континуирана институционална негрижа која доведува до повреда на правото на еднаков и достоинствен пристап до здравствена заштита.

- Понатаму, друга постапка по службена должност е поведена против Општина Радовиш, Општина Карбинци, Општина Валандово, Општина Студеничани, Општина Чашка, Општина Дојран, Општина Штип, Општина Василево и Општина Пласница за утврдување на дискриминација врз основа на припадност на етничка заедница во пристапот до добра и услуги, односно пристап до вода за пиење и соодветна канализациона и водоводна мрежа. Постапката е во тек и е пренесена во 2026 година.
- Третата постапка по службена должност е поведена за утврдување на индиректна дискриминација која произлегува од одредба во Законот за јавнообвинителската служба. Имено, во конкретниот случај согласно утврдената фактичка состојба, КСЗД утврди дека јавнообвинителските службеници се во понеповолна положба од други вработени во јавниот сектор, а во однос на законски услов за престанок на работен однос. Индиректната дискриминација произлегува од одредба во членот 114, согласно која се предвидува престанок на работниот однос на јавнообвинителските службеници само со наврушување на 64 години старост, без кумулативен услов од имање на 15 години работен стаж, како што е предвидено за сите други останати вработени во јавниот сектор. Со тоа јавнообвинителските службеници се во понеповолна положба во однос на тоа дека на истите престанокот на работниот однос не им е поврзан со остварување на старосна пензија, туку единствено со возраста.
- Четвртата постапка по службена должност е поведена по допрен глас за потенцијална дискриминација врз основа на етничка припадност и државјанство кон иселениците од Турција во пристапот до добра и услуги, односно во остварување на правото на иселениците за прием на државјанство на РСМ.

## Одлучување на Комисијата по предмети за заштита од дискриминација

За претставките кои се поднесени уредно, навремено и во согласност со Законот, Комисијата спроведува постапка за утврдување на дискриминација која завршува со донесување на правно мислење со кое се утврдува или не се утврдува дискриминација, во спротивно се носи одлука за отфрлање, непостапување или запирање на постапката.

Во 2025 година КСЗД работеше на вкупно 559 предмети за заштита од дискриминација, од кои заклучно со 31.12.2025 година разрешени се 391 предмети, а за останатите постапката продолжува во наредната година. Од причина што за дел од претставките во текот на постапувањето се утврди дека претставуваа повеќекратни пријави за иста правна работа, за

таквите предмети, заради целисходност во водење на постапката и преземање на соодветни процесни дејствија, КСЗД постапуваше и одлучуваше во единствена постапка, така што се укажува дека споменатите 391 предмети се затворени со донесени вкупно 359 одлуки на Комисијата во 2025 година.

Во 2025 година, од вкупно донесените 359 одлуки**, 151 или 42% се мислења по спроведена постапка за утврдување на дискриминација и 208 или 58% се заклучоци за отфрлање на претставката, односно за непостапување или запирање на постапката** (Графикон 15).




*Графикон 15*

**Донесените заклучоци на КСЗД со кои се отфрлија дел од претставките, односно се одлучи да не се постапува или се запре на постапката, во најголем дел се заради ненадлежност на Комисијата да постапува (95 или 46%) или неуредност на поднесокот (65 или 31%)**. На Графикон 16 е даден детален преглед на бројот на ваквите заклучоци според основот за одлучување согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Комисијата вложува ресурси со цел да го подобри и поедностави процесот на поднесување на претставки преку давање стручна консултација на заинтересирани граѓани во простории на Комисијата или преку разните воспоставени канали на комуникација (телефонски и на е-пошта), потоа преку споделување информации во јавноста, одржување информативни средби и обуки, како и технички подобрувања на електронско поднесување на претставки. За сите претставки за кои КСЗД не можеше да спроведе постапка, доставен е образложен одговор до подносителите и давани се општи информации и насоки до кој јавен орган да се обратат за остварување на нивните права.




*Графикон 16*

**Во однос на предметите по кои се спроведе постапка за утврдување на дискриминација и се донесе мислење во 2025 година, во 56 случаи или 37% се утврди дискриминација, а во 95 случаи или 63% не се утврди дискриминација** (Графикон 17).




*Графикон 17*

## Утврдена дискриминација во 2025 година

Во 2025 година, Комисијата донесе 56 мислења со кои се утврди дискриминација и даде препораки за нивно отстранување. Најмногу од утврдените случаи се по претставки поднесени од физички лица (40 мислења или 71%), а потоа следат утврдените случаи по претставки на правни лица (14 мислења или 25%), како и постапките на КСЗД поведени по службена должност (2 мислења или 4%).

## Видови дискриминација во случаите утврдени во 2025 година

Во мислењата на КСЗД донесени во 2025 година, дискриминацијата најчесто била утврдена во еден конкретен облик (41 случаи или 73%), а во одредени случаи утврдено е дека жртвите биле изложени на дискриминација во повеќе различни форми (15 случаи или 27%). **Најприсутна е директната дискриминација која е утврдена во 31 мислења или 55% од вкупниот број случаи.** КСЗД утврди и 12 случаи на индиректна дискриминација (21%), потоа 8 случаи на вознемирување (14%), 2 случаи на повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, 2 случаи на сексуално вознемирување и 1 случај на сегрегација. Во 13 од случаите КСЗД утврди дека дискриминацијата е во потежок облик, од кои 10 во форма на интерсекциска дискриминација (18%). Истата во 4 случаи е утврдена во директен облик, во 3 случаи како вознемирување врз интерсекциски поврзани основи, 1 случај на индиректна интерсекциска дискриминација, 1 случај на поттикнување на интерсекциска дискриминација и 1 случај на повторено поттикнување на интерсекциска дискриминација. Останатите три утврдени случаи на потешка дискриминација се директна продолжена дискриминација, директна повеќекратна дискриминација и продолжено вознемирување. На Графикон 18 е прикажан бројот на случаи за секој од утврдените видови на дискриминација во 2025 година и дополнително се истакнати потешките облици на дискриминација.

Најчест утврден вид на дискриминација е директната дискриминација

Во 13 случаи КСЗД утврди дискриминација во потежок облик како интерсекциска, продолжена и повеќекратна дискриминација




*Графикон 18*

## Основи на дискриминација во случаите утврдени во 2025 година

**Националната или етничката припадност е најчесто утврдена основа за дискриминација во мислењата на Комисијата во 2025 година, и тоа во 29% од вкупно утврдените случаи.** Потоа следуваат основите: друга основа (25%), пол (16%), попреченост (14%), лично својство и општествен статус (14%), род (13%) и политичко уверување (13%). Утврдена е дискриминација и врз 10 други основи на дискриминација кои се застапени во помалку од 5% во донесените мислења на Комисијата. Во 62% од мислењата КСЗД утврди дискриминација врз една основа, а во останатите 38% се утврди дискриминација врз две и повеќе основи. Целосниот преглед на бројот на мислења во кои била утврдена секоја од основите на дискриминација е даден на Графикон 19.




*Графикон 19*

Во однос на мислењата со утврдена *друга основа на дискриминација*, во 6 случаи како основа е наведено својството *членување или нечленување во синдикална организација*, а во 5 мислења тоа се основите: бременост, раѓање и мајчинство. Во останатите случаи на дискриминација врз друга основа се посочени местото на живеење и социјалниот статус.

## Области на дискриминација во случаите утврдени во 2025 година

Како во минатата година, во мислењата КСЗД во 2025 година, **најчесто е утврдена дискриминација во областа на работата и работните односи и тоа во 29 случаи или 52% од вкупниот број донесени мислења**. Потоа следат случаите на дискриминација утврдени во областа образование, наука и спорт (9 мислења или 16%), пристап до добра и услуги (9 мислења или 16%) и јавно информирање и медиуми (7 случаи или 13%). Целосниот преглед на бројот на мислења според утврдената област е даде на Графикон 20.

Број на мислења според утврдената област

Во 43% од случаите се утврди дискриминација во работните односи




*Графикон 20*

Во 5 од донесените 56 мислења, Комисијата утврди дека дискриминацијата била сторена во две области, од кои два случаи во областите на образование, наука и спорт и пристап до добра и услуги, еден во областите на домување и пристап до добра и услуги, еден во областите на работата и работните односи и образование, наука и спорт и еден случај во областите на работата и работните односи и пристап до добра и услуги.

Исто како и во претходната година, **најголем број утврдени случаи на дискриминацијата во 2025 година, се во институциите на јавниот сектор (39 случаи или 70%),** а како сторители се посочени институциите, раководните и други овластени и вработени лица во истите, како и одредени прописи кои што ја уредуваат надлежноста, односно вршењето на дејноста на институциите (Графикон 21). Најмногу се во областа на работата и работните односи (19 случаи), а потоа следат областите образование, наука и спорт (9 случаи) и пристап до добра и услуги (7 случаи, од кои 4 се однесуваат на правото на пристап до соодветно домување и пристап до комунална и друга инфраструктура), како и областите социјална сигурност, вклучувајќи ги подрачјата на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита (3 случаи), и култура (1 случај).

Најчеста основа на дискриминација во областа на **работните односи** во јавниот сектор е политичкото уверување која е утврдена во 6 случаи, потоа националната или етничка припадност во 4 случаи, понатаму 3 случаи на дискриминацијата врз основа на членство во синдикат, 2 случаи на дискриминација врз бремени работнички, а останатите 4 случаи се врз основа на други заштитени карактеристики. Во областа на **образованието** како основи на дискриминација утврдени се етничката припадност (4 случаи), попреченост (2 случаи), возраст (2 случаи) и јазик (1 случај). Во областа на **пристап до добра и услуги**, 4 се случаи на дискриминација врз етничка основа во пристапот до соодветно домување и комунална инфраструктура, а во останатите случаи на дискриминација во пристапот до добра и услуги се утврдени основите попреченост, возраст и други заштитени карактеристики.




*Графикон 21*

**Дискриминација приватниот сектор е утврдена во 10 случаи или 18% од вкупно донесените мислења**, и тоа најчесто во областа на работата и работните односи (8 случаи), од кои 3 врз работнички врз основа на бременост, раѓање и мајчинство, 3 врз основа на членство во синдикална организација и 2 врз други заштитени карактеристики. Останатите 2 случаи на дискриминација во приватниот сектор се во пристапот до добра и услуги врз основа на попреченост и во областа на здравствената заштита во приватна здравствена установа врз основа на здравствена состојба.

**Дискриминацијата во медиумите и социјалните мрежи е утврдена во 7 случаи или 13% од вкупниот број донесени мислења на КСЗД во 2025 година**, и тоа како вознемирувачки или говор врз дискриминаторски основи со кои се повикува, поттикнува и дава инструкција за вознемирување или дискриминација. Како основи на дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми се утврдени етничка припадност, припадност по пол, попреченост, сексуална ориентација, политичко уверување и припадност на маргинализирана група. Од утврдените 7 случаи на дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми, 2 се случаи на сексуално вознемирување.

## Статус на исполнување на препораките на Комисијата

Во согласност со член 21 став 1 точка 17 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација сè до исполнување на дадените препораки. Лицето на кое е упатена препораката е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката или во подолг рок доколку постојат особено оправдани причини, но не подолго од шест месеци, како и за тоа да ја извести Комисијата. Доколку лицето на кое е упатена препораката не постапи по препораката, Комисијата поднесува барање за покренување прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

КСЗД го следеше исполнување на препораките содржани во мислењата на случаите утврдени во тековната година, како и на оние утврдени во претходната, а чиј рок за постапување истекуваше во 2025 година. Во извештајниот период, Комисијата констатираше дека се исполнети препораките, односно отстранета е дискриминацијата во вкупно 13 случаи, а во три случаи е поднесено барање до надлежниот суд за поведување на прекршочна постапка заради непостапување по упатените препораки. Во три случаи постапката за следење на исполнување на препораките беше запрена заради веќе поведена судска постапка за заштита од дискриминација од страна на подносителот на претставката.

Комисијата во наредната година продолжува да учествува на судските рочишта за предметите за кои судот по барање на КСЗД поведува прекршочна постапка и го следи извршувањето на препораките и за преостанатите мислења чиј рок за постапување истекува во 2026 година.

## Вклучување на КСЗД во судска постапка како замешувач и како пријател на судот „amicus curiae“

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата има надлежност да поведува и се јавува како замешувач во судски постапки за заштита од дискриминација, а исто така на барање на странката или по сопствена иницијатива може да поднесе барање судот да му овозможи да дејствува како пријател на судот (amicus curiae).

КСЗД во 2025 година, нема поднесено барање за замешување во судска постапка пред надлежен граѓански суд, а во врска со тужба за утврдување на дискриминација.

Во однос на институтот пријател на судот, КСЗД поднесе три барања до надлежните судови.

До Основниот граѓански суд Скопје, поднесе барање да дејствува како пријател на судот во судската постапка по тужба за утврдување на дискриминација поднесена од Политичката партија ЛЕВИЦА против Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со тужбата се бара утврдување на директна дискриминација врз основа на политичка припадност во пристап до средства за платено политичко рекламирање која произлегува од одредби на Упатство за радиодифузерите за локални избори 2025 година.

Друго барање до истиот суд, поднесе во судската постапка поведена по тужба од Здружението КВИР ЦЕНТАР Скопје, за утврдување на дискриминација и продолжено и повеќекратно вознемирување врз основ на пол, родов идентитет, сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група против физичко лице – сторител, а во однос на негови дејствија на социјални мрежи против група на лица, припадници на ЛГТБ+ заедницата.
Во третиот случај КСЗД се вклучи како пријател на судот во судската постапка пред Основниот граѓански суд Скопје, поведена по тужба на Хелсиншкиот комитет за човекови права, Македонското здружение на млади правници и физичко лице како оштетен. Тужбата за утврдување на повеќекратна и продолжена директна дискриминација врз основ на припадност на маргинализирана група, е поднесена против РСМ - Министерство за здравство, а во врска со нееднаков третман на здравствена заштита помеѓу група на лица – затвореници и корисници, зависници од психотропни супстанци кои издржуваат казна затвор и иста група на лица кои се на слобода.

## Мислења на КСЗД по закони и други стручни мислења

Комисијата е централно национално тело за спречување и заштита од дискриминација, а една од клучните надлежности е да дава мислења по предлози на закони од значење за спречување и заштита од дискриминација, односно да придонесува во измените и дополнувањата на законската рамка, со цел усогласување на истата со Законот за спречување и заштита од дискриминација на начин на кој законите ќе вклучуваат одредби за заштита и превенција од сите форми на дискриминација.

Во 2025 година, КСЗД нема дадено стручни мислења по закони, предлог на закони или други правни прописи, како и во однос на други случаи поврзани со дискриминација. Сепак, КСЗД во 2025 година, до Собранието на РСМ достави две информации во однос на потребни законски измени и дополнувања, за отстранување на индиректна дискриминација од два закони. Во однос на Законот за високо образование, се укажа на потреба од измени и дополнувања како резултат на утврдена индиректна дискриминација во 2024 година, кон вработени во приватните здравствени установи, а со цел отстранување на истата. Со информацијата му се посочува на Собранието за индиректната дискриминација од навидум неутралниот критериум за вршење на високообразовна дејност на здравствени работници, кој произлегува од одредби на членот 174 од Законот за високото образование. Таквиот критериум ги спречува докторите по медицина вработени во приватни здравствени установи да засноваат двоен работен однос во споредба со докторите од јавните здравствени установи, без разлика на тоа што и тие се стекнале со научна титула, односно со наставно - научно, наставно - стручно, наставно или соработничко звање. Оттука, со таквата информација се потенцира системската димензија на нееднаквоста и потребата од соодветни измени на Законот за високото образование, со цел постигнување на фактичка еднаквост на двете групи на лица. Другата информација се однесува на Законот за културата, каде Комисијата во 2024 година, утврди индиректна и продолжена дискриминација кон носители на државни награди од областа на културата и уметноста.

Индиректната дискриминација произлегува од член 1 и член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на РМ" бр. 11/2018), согласно кои носители на исти државни награди доделени според исти критериуми за ист вид на придонес во областа на културата и уметноста и кои оствариле пензија, различно остваруваат и уживаат право на месечен надоместок. Различниот третман се заснова на периодот/моментот на стекнување на пензија, каде согласно спорните одредби се применува различна методологија за пресметка на износот на месечниот надоместок и во пракса корисниците на исти државни награди ги дели на две групи, една група корисници во поповолна положба со стара методологија на пресметка и друга група во неповолна положба со право на месечен надоместок пресметан со нова методологија. Исто така, во 2025 година, Комисијата беше дел од меѓуресорска работна група за подготовка на Закон за социјално домување, обезбедувајќи стручна поддршка од аспект на еднаквост и недискриминација во областа на социјалната сигурност и заштита.

## Општи препораки на комисијата

КСЗД донесе една општа препорака во 2025 година. Се препорачува на општините да обезбедат и спроведат системски и недискриминаторски мерки и активности за обезбедување на соодветно домување, спроведување на урбанистичко планирање, легализација на домувањето, приклучоци на јавна инфраструктура и обезбедување на административна поддршка и услуги за припадниците за населението кое живее во неформалните супстандардни населби. Воедно му се препорачува на Министерството за локална самоуправа да обезбеди методологија со која задолжителен дел од средствата кои се доделуваат за инфраструктурни проекти, ќе биде наменет за проекти кои се однесуваат за урбанизација и изградба на соодветна инфраструктура на овие супстандардни населби.

# Превентивни и други активности на КСЗД

## Разговори за еднаквост

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, со поддршка на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото", финансиран од Европската унија, го организираше второто издание на годишниот настан „Разговори за еднаквост", кое во 2025 година беше посветено на темата **„Право на домување на Ромите"**. Настанот се одржа во Клубот на пратеници во Скопје и имаше за цел да поттикне отворен и инклузивен дијалог за системските предизвици поврзани со еднаквоста и недискриминацијата во областа на домувањето.

На настанот беа присутни Гордана Сиљановска Давкова, претседателка на Република Северна Македонија, Михалис Рокас, амбасадор на Европската Унија во Северна Македонија, Лимко Бејзароски, претседател на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Ерџан Селими, заменик министер за локална самоуправа, и Барбара Лигл, лидерка на компонентата 4 од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото".

Преку панел-дискусии и размена на мислења меѓу претставници на институции, граѓански и меѓународни организации и експерти, беа разгледани структурните причини за дискриминација во домувањето и можностите за унапредување на политиките и практиките на локално и национално ниво. КСЗД ја истакна важноста на домувањето како една од своите стратешки области, нагласувајќи дека обезбедувањето еднаков пристап до соодветно домување е предуслов за достоинствен живот и целосно уживање на другите човекови права. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација упати Општа препорака до општините, со која ги повикува да преземат системски и недискриминаторски мерки и активности за обезбедување на соодветно домување, урбанистичко планирање, легализација на домовите, приклучоци на јавна инфраструктура, како и административна поддршка и услуги за припадниците на населението што живеат во неформални и супстандардни населби, особено Ромите.

## Тематски извештај „Повеќекратна и интерсекциска дискриминација во областа работа и работни односи на Ромките"

Во 2025 година КСЗД со поддршка на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото", подготви Извештајот „Повеќекратна и интерсекциска дискриминација во областа на работата и работните односи на Ромките". Овој извештај претставува значаен чекор кон идентификување и адресирање на системските бариери и дискриминаторски практики со кои се соочуваат Ромките на пазарот на трудот. Преку анализа на состојбите, искуствата и институционалните предизвици, извештајот придонесува кон унапредување на пристапот до еднаков третман, достоинствена работа и ефективна заштита од дискриминација за една од најранливите групи во општеството.

Препораките произлезени од извештајот се насочени кон унапредување на заштитата од дискриминација на Ромките во областа на работата и работните односи, преку зголемување на информираноста и охрабрување за користење на достапните механизми за правна заштита, како и преку зајакнување на улогата и капацитетите на надлежните институции. Посебен акцент се става на потребата од доследна и интерсекциска примена на антидискриминациското и трудовото законодавство, подобрување на институционалните евиденции и практики, како и на засилени превентивни и едукативни активности, вклучително и соработката со работодавачите и релевантните чинители, со цел обезбедување поефикасна и еднаква заштита на правата на оваа маргинализирана група.

Клучните наоди и препораки од извештајот имаат за цел да придонесат кон поефикасна заштита од дискриминација на Ромките во областа на работата и работните односи, преку унапредување на пристапот до механизмите за заштита на правата, зајакнување на институционалните капацитети, доследна и интерсекциска примена на законодавството, како и поттикнување на меѓуинституционална соработка и превентивни активности.

## „Еден тим за секое дете – нулта дискриминација“.

На Светскиот ден на детето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Министерството за образование и наука, Министерството за спорт Фудбалската федерација на Македонија и УНИЦЕФ ја започнаа кампањата „Еден тим за секое дете – нулта дискриминација“. За започнување на кампањата одржан е настан на кој присуствуваше и министерката за образование и наука г-ѓа Весна Јаневска која покрај другото истакна и дека преку наставни и воннаставни активности поставуваме темели за здрава спортска етика, за почитување на различностите и за поттикнување на учество на сите деца – девојчиња, припадници на ромската заедница и деца со попреченост. На настанот, деца и млади спортисти имаа можност да учествуваат во отворена панел дискусија со фудбалери кои споделија искуства со дискриминација во спортот.

Иницијативата има за цел промоција на фер-плеј, инклузија и почитување на секое дете – со особен фокус на девојчињата, децата Роми и децата со попреченост.

Иницијативата има за цел промоција на фер-плеј, инклузија и почитување на секое дете, со особен фокус на девојчињата, децата Роми и децата со попреченост. Во таа насока, кампањата ги обединува децата, фудбалерите, тренерите, родителите и наставниците, со цел подигнување на свеста за дискриминацијата, предрасудите и стереотипите. Преку овие активности се придонесува кон зајакнување на информираноста и капацитетите за препознавање, соодветно реагирање и пријавување на дискриминацијата преку официјалните механизми на Комисијата.

Реализацијата на активностите во рамки на кампањата продолжува и во 2026 година.

## Национална кампања „1 од 5 – Стоп за сексуалното насилство врз деца“

Во рамки на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ а во партнерство со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител, со

поддршка од Бирото за развој на образованието ја започнаа националната кампања „1 од 5-Стоп за сексуално насилство врз деца“. По повод Светскиот ден за превенција од сексуална експлоатација, злоупотреба и насилство врз деца, националната кампања официјално започна на 18 ноември 2025г.чиј почеток беше одбележан со промотивен настан во *„Europe House“ – Скопје*. На настанот беа промовирани видеа, постери и едукативни материјали кои ќе се користат во училиштата и градинките низ државата, насочени кон подигнување на јавната свест за препознавање на сексуална злоупотреба и сексуално насилство врз деца, како и промовирање на механизмите за заштита. Материјалите од интернационалната кампања „1 од 5“ на Советот на Европа се адаптирани согласно националната легислатива.

Кампањата е спроведена со дозвола од **Советот на Европа,** има со цел да ја подигне јавната свест, да ги охрабри децата да проговорат и да им обезбеди на возрасните знаења и алатки за препознавање, превенција и ефикасна заштита од сексуално насилство врз деца.

## Соработка Совет на Европа

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во соработка со Агенцијата за остварување на правата на заедниците и со поддршка на проектот „Борба против омразата и нетолеранцијата“ на Советот на Европа и Европската Унија, во 2025 година организираше работилници и дискусии на тема „Остварување на граѓанските права и заштита од дискриминација“ во Прилеп, Куманово и Кичево. Активностите беа насочени кон едукација на граѓаните и локалните претставници за механизмите за заштита на нивните права, како и за превенција на сите форми на дискриминација. Со овие иницијативи, Комисијата ги зајакна капацитетите на учесниците да препознаваат дискриминаторски практики и да реагираат, со цел создавање на поинклузивни и еднакви локални заедници.

## Обуки од Програмата за парламентарна поддршка

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во рамки на своите активности за унапредување на принципот на еднаквост, во 2025 година реализираше две обуки наменети за асистентите на пратениците во канцелариите за контакт со граѓаните. Овие обуки беа организирани во Западна и Источна Македонија, со цел да се продлабочи соработката меѓу Комисијата и асистентите, кои претставуваат клучна алка во непосредната комуникација со граѓаните ширум државата.

Преку детални сесии, учесниците беа запознаени со законската рамка за спречување и заштита од дискриминација, основните поими и принципи на еднаквост, како и со надлежностите и постапките што ги спроведува Комисијата. Обуките беа фокусирани на препознавање на различните форми на дискриминација, идентификување ризични ситуации и запознавање со механизмите за заштита кои им стојат на располагање на граѓаните.

Јакнењето на капацитетите на асистентите е од особено значење затоа што тие се во првите редови во односот со граѓаните и често се првата точка на контакт при пријавување на неправда, нееднаков третман или повреда на правата. Со подобрување на нивните знаења

и практични вештини, се создава основа за поефикасно насочување, поддршка и информирање на граѓаните за постапките пред Комисијата.

Овие обуки беа дел од циклусот на обуки кои се организираа во рамки на Програмата за парламентарна поддршка, проект спроведен од NDI North Macedonia, Центарот за управување со промени (ЦУП) и Институтот за демократија Societas Civilis (IDSC), а поддржан од Швајцарската амбасада преку Швајцарската агенција за развој.

## Обуки со училишта (Американ колеџ)

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одржа обука во средно училиште, со цел запознавање на учениците со механизмите за заштита од дискриминација, надлежностите и работата на КСЗД, како и постапката и начинот на поднесување претставка до Комисијата. Активноста беше реализирана во рамки на промотивните активности на КСЗД, со фокус на унапредување на информираноста кај младите и јакнење на свеста за еднаквоста и недискриминацијата.

## Средно економско и правно училиште на Град Скопје "Арсени Јовков"-Скопје

Во рамки на склучениот Меморандум за соработка меѓу Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Средното економско и правно училиште на Град Скопје „Арсени Јовков" – Скопје, беше реализирана обука наменета за учениците, посветена на препознавање, спречување и заштита од дискриминација.

Обуката имаше за цел да ги зајакне знаењата и свеста кај учениците за принципот на еднаквост и недискриминација, да ги запознае со законската рамка и механизмите за заштита од дискриминација, како и да придонесе кон развивање на капацитетите за препознавање на различните форми на дискриминација во секојдневниот живот. Преку интерактивен пристап и практични примери, учениците беа охрабрени активно да учествуваат и да ги продлабочат своите знаења во оваа област.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе продолжи со спроведување на вакви едукативни активности, со цел унапредување на културата на еднаквост и почитување на човековите права, особено меѓу младите.

## Обука НБРСМ

Во рамките на склучениот Меморандум за соработка помеѓу Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народна банка на Република Северна Македонија, Комисијата реализираше обука за вработените во Банката. Целта на обуката беше унапредување на знаењата и капацитетите на вработените за препознавање, спречување и соодветно постапување во случаи на дискриминација, како и јакнење на свеста за примена на принципите на еднаквост и недискриминација во секојдневното работење, во согласност со важечката законска рамка.

## Иницијатива за завршување на веќе отпочнатата постапка за носење на Предлог законот за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во март 2025 година ја изрази својата загриженост и незадоволство заради застојот на постапката за носење на Предлог законот за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување. Иако пратениците во Собранието на 10 мај 2023 година гласаа за потребата од донесување на Предлог на закон за измени и дополнување на Законот за здравствено осигурување со кој ќе се овозможи платено породилно отсуство за земјоделки, истиот и после долго време од гласањето, сè уште ја немаше поминато законодавната постапка во Собрание, со што земјоделките сè уште не можеа да добијат системско решение за правото на платено породилно отсуство, односно и натаму беа жртви на системска дискриминација. Целта на измените и дополнувањата на Предлог законот за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување беше да се внесат одредби кои што ќе предвидат право на надоместок за време на привремена спреченост за вршење на земјоделската дејност поради бременост, раѓање и мајчинство и правото на надоместок за време на привремена спреченост за вршење на земјоделската дејност поради болест и повреда за индивидуалните земјоделки како здравствени осигуренички, со цел отстранување на нееднаквиот третман кон индивидуалните земјоделки – здравствени осигуренички во остварување на правата од здравственото осигурување – право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство и привремена спреченост за работа поради болест.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација има директна законска надлежност да дава коментари и мислења по закони од аспект на еднаквост и недискриминација и да учествува во нивното донесување.

Оттука, апелиравме до Собранието на Република Северна Македонија во најскор можен рок да ја заврши постапката за донесување на Предлог законот за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување.

## Учество во Меѓуресорско тело за човекови права

Согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за формирање на Меѓуресорското тело за човекови права, чија основна цел е унапредување, координација и следење на состојбите во областа на човековите права, како и обезбедување усогласеност на националните политики со меѓународните стандарди, Комисијата во текот на 2025 година активно се вклучи во работата на ова тело.

Имено, Комисијата номинираше свои претставници кои учествуваа во работата на Меѓуресорското тело и присуствуваа на одржаните состаноци во текот на годината. Со ваквиот ангажман, Комисијата ја потврди посветеноста кон учество во процесите на национално ниво насочени кон унапредување на системот за заштита на човековите права.

## Учество во Мултисекторско работно тело

Комисијата во 2025 година активно се вклучи во работата на Мултисекторското работно тело формирано во рамките на проектот „Опсерваторија за фемициди – превенција и мониторинг на фемициди и обиди за фемициди во Северна Македонија“, кој се спроведува од Хелсиншкиот комитет за човекови права во партнерство со Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство „Глас против насилство“, а со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Преку своите претставници, Комисијата активно учествуваше во работата на мултисекторското тело, придонесувајќи кон воспоставување на системски пристап за превенција и мониторинг на фемициди и обиди за фемициди, како и кон зајакнување на институционалната координација и размената на информации. Со ова учество, Комисијата ја потврди својата заложба за унапредување на заштитата од родово базирано насилство и зајакнување на механизмите за превенција на најтешките облици на насилство врз жените.

## Меморандуми за соработка со институции и организации

Во текот на 2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација склучи повеќе меморандуми за соработка со релевантни институции, академски установи и граѓански организации, со цел зајакнување на институционалните капацитети, унапредување на еднаквоста и поефикасна заштита од дискриминација.

**1. Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија**

Меморандумот има за цел унапредување на меѓуинституционалната соработка преку размена на информации, податоци, искуства, обуки и кадри, со што се овозможува поефикасно и координирано спроведување на законските надлежности на двете институции во областа на спречување и заштита од дискриминација.

**2. Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје**

Соработката е насочена кон поврзување на теоретското знаење со практичната примена на правото, особено во областите на уставното, административното и трудовото право. Целта е подигнување на свеста и унапредување на еднаквоста пред законите, како и зајакнување на механизмите за спречување и заштита од сите облици на дискриминација во Република Северна Македонија.

**3. Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – Порака**

Меморандумот предвидува унапредување на соработката во обезбедувањето и промовирањето на правата на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Соработката опфаќа активности насочени кон промоција, заштита и превенција од дискриминација, иницирање системски промени и поттикнување на целосно вклучување на овие лица во општествените процеси.

**4. Хелсиншки комитет за човекови права, Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници „Маргини“ и ХОПС – Опции за здрав живот Скопје**

Соработката се реализира во рамки на проектот „Еднаквост сега – зајакнување на маргинализираните заедници за социјална инклузија и недискриминација“, преку обезбедување поддршка и правна помош во борбата против дискриминацијата во Скопскиот плански регион, како и преку заеднички активности за јакнење на капацитетите на заедниците.

**5. БРЕИНСТЕР НЕКСТ – Скопје**

Меморандумот предвидува воспоставување соработка во областа на едукацијата, практичната настава и развојот на современи пристапи, преку вклучување на студенти и академски кадар во активности од заеднички интерес.

**6. Реактор – Истражување во акција**

Соработката е насочена кон промоција и унапредување на еднаквоста и недискриминацијата преку истражување, анализа, застапување и организирање состаноци, студиски посети, работилници, тркалезни маси, конференции, подготовка на извештаи и едукативни активности, во согласност со актуелните општествени потреби.

**7. Национална алијанса за ретки болести на Република Северна Македонија**

Меморандумот има за цел унапредување на соработката во обезбедување и промовирање на правата на лицата со ретки болести и нивните семејства. Акцентот е ставен на промоција, заштита и превенција од дискриминација, иницирање системски промени и поттикнување на нивна активна вклученост во општествените процеси.

**8. Институт за медиуми и аналитика ИМА – Скопје**

Соработката има за цел унапредување на заштитата од дискриминација, промоција на човековите права и подигнување на јавната свест во областа на медиумите и јавното информирање, преку заеднички анализи, јавни настани и едукативни активности.

## Меѓународно известување и застапување

**9-та Регионална конференција на телата за еднаквост**

(22–23 септември, Сплит, Република Хрватска)

Членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Душан Томшиќ, учествуваше на 9-тата Регионална конференција на телата за еднаквост од земјите на Југоисточна Европа, која се одржа на 22 и 23 септември во Сплит, Република Хрватска. Конференцијата беше фокусирана на темата „Зајакнување на соработката помеѓу телата за еднаквост и граѓанските организации“.

Во своето обраќање, Томшиќ се осврна на два значајни годишни настани организирани од Комисијата: иницијативата „Разговори за еднаквост“, реализирана во партнерство со

граѓански организации, како и театарската претстава „8%“, изведувана во текот на 2024 година. Претставата се базираше на автентични сведоштва на лица од повеќе ранливи групи во општеството и имаше за цел подигање на јавната свест за дискриминацијата и нееднаквоста.

**Годишен семинар на ECRI со телата за еднаквост за 2025 година**

(23–24 октомври, Стразбур)

Европската комисија против расизам и нетолеранција (ECRI) го одржа својот годишен семинар за 2025 година, со телата за еднаквост на 23 и 24 октомври во Стразбур. Семинарот беше организиран во соработка со Европската мрежа на тела за еднаквост (Equinet) и Комитетот на Обединетите нации за елиминација на расната дискриминација (CERD).

Настанот, под наслов „Унапредување на еднаквоста во ерата на демократско уназадување“, обедини повеќе од 60 претставници на тела за еднаквост, организации на граѓанското општество и академската заедница, како и претставници на Парламентарното собрание и Комесарот за човекови права на Советот на Европа, Европскиот суд за човекови права, Европската унија и Обединетите нации. Дискусиите беа насочени кон заштита и унапредување на еднаквоста и човековите права во услови на зголемена општествена поларизација и намалување на граѓанскиот простор.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на семинарот беше претставувана од членот на Комисијата, Лимко Бејзароски.

## Присуство на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во медиумите

### Јавна видливост и информирање

Во текот на извештајната година, **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација** оствари значајна јавна видливост преку постапување по предмети, јавни соопштенија, партнерства, настани и кампањи за подигање на свеста за еднаквост и недискриминација.

### Постапување и јавни реакции

- КСЗД утврди вознемирување од страна на градоначалникот на Општина Струга врз жителите на општината, поврзано со поставување плоча што глорифицира фашистичка окупација. Комисијата оцени дека станува збор за навреда на антифашистичките вредности и побара итно отстранување на плочата, јавно извинување и прекин на дискриминаторските постапки.
- Комисијата утврди и директна дискриминација врз основа на попреченост од страна на такси возач во Скопје, како и поведе постапки по службена должност против психијатриски болници и Министерството за здравство поради сомнение за дискриминација врз пациенти врз основа на здравствен статус.

### Стратешки партнерства и соработка

- Во рамки на Месецот на ретките болести, КСЗД потпиша Меморандум за соработка со Националната алијанса за ретки болести, со цел заштита и унапредување на правата на лицата со ретки болести и нивните семејства.

Комисијата оствари бројни средби со домашни и меѓународни институции, меѓу кои:

- Претседателот на Собранието на РСМ;
- Министерот за внатрешни работи;
- Комесарот за човекови права на Советот на Европа;
- Делегацијата на Мониторинг комисијата на ПССЕ;
- Дипломатски претставници и меѓународни партнери.

Во фокусот на разговорите беа, финансиската независност на КСЗД, институционалните капацитети, системските форми на дискриминација и усогласувањето со европските стандарди.

### Кампањи и одбележувања на меѓународни денови

КСЗД активно учествуваше во одбележувањето на значајни меѓународни датуми, меѓу кои:

- 1 Март – Светски ден за нулта дискриминација;
- 8 Март – Меѓународен ден на жената;
- 8 Април – Меѓународен ден на Ромите;

- 18 Јуни – Меѓународен ден за борба против говорот на омраза;
- 3 Декември – Меѓународен ден на лицата со попреченост;
- 10 Декември – Меѓународен ден на човековите права;
- 16 дена активизам против родово базирано насилство.

Преку јавни пораки и активности беше нагласена потребата од борба против сите форми на дискриминација, говор на омраза и нееднаквост, како и важноста од институционална и индивидуална одговорност.

**Едукација и превенција**

Комисијата реализираше едукативни активности и обуки, вклучително:

- Програми за подигање на свеста кај младите во средни училишта;
- Обуки за антидискриминација за над 400 полициски кандидати;
- Работилници за локални власти и заедници во повеќе градови;
- Учество во меѓународни проекти и мрежи за еднаквост.

**Родова еднаквост, домување и социјална инклузија**

Во текот на годината, КСЗД посвети особено внимание на:

- Дискриминацијата врз жени, вклучително случаи поврзани со вработување, мајчинство и ин витро оплодување;
- Правото на домување, особено кај ромската заедница, преку општи препораки до општините и јавни настани;
- Интерсекциската дискриминација, со презентација на тематски извештаи и иницирање институционален дијалог.

**Јавно информирање**

Комисијата го презентираше Годишниот извештај за работата за 2024 г. и редовно ја информираше јавноста преку медиуми, соопштенија и дигитални канали за своите активности, препораки и постапувања.

КСЗД е секојдневно присутна во јавноста преку:

Веб страницата: https://kszd.mk/

Како и преку профилите:

Facebook: https://www.facebook.com/kszd.mk

Instagram: https://www.instagram.com/kszd.mk?igsh=czl3cjEwY2YxNDlk&utm_source=qr

X: https://x.com/kszd_mk?s=21

## Буџет и финансиско работење

Во 2025 година, буџетот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, кој се води како програма 20, согласно Буџетскиот циркулар за 2025 година е проектиран со вкупна вредност од 67.436.958 денари, од кои од страна на Министерство за финансии при креирање на Буџетот за 2025 година на програмата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се проектирани 32.739.000 денари.

Со цел поефикасно извршување на програмата за работа на Комисијата, реализирање на стратешките приоритети и активности предвидени за 2025 година, како и овозможување на непречено функционирање на Стручната служба, се наметна потреба од одредени пренамени, и тоа:

- пренамена на средства за објавување на оглас за јавна набавка на услуги за одржување на ДМС (систем на управување со документи), во износ од 155.000 денари;
- пренамена на средства за договорни услуги во износ од 207.000;
- пренамена на средства за тековно одржување во износ од 30.000 денари и
- пренамена на средства за тековни расходи во износ од 70.000 денари.

Во текот на извештајната година, Буџетот на Комисијата не е зголемен со дополнителни средства, ниту со прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници во вториот квартал, ниту со ребалансот на буџетот за 2025 година.

На барање на Министерството за финансии во четвртиот квартал (последниот месец од годината) доставена е табела со податоци за прераспределба на финансиски средства помеѓу буџетските корисници и фондовите. Поради малиот буџет и исцрпените средства, Комисијата не беше во можност да отстапи дел од остатокот од износите на ставките, освен од контото материјали и ситен инвентар од каде се отстапени 30.000 денари.

Во продолжение табеларен преглед на доделените, планираните и потрошените средства по ставки, во текот на 2025 година, вклучувајќи и процент на реализација:

| Опис на деловите на буџетот | Број на ставка | Буџет | План | Потрошени средства | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Основни плати | 401 | 20.602.000,00 | 20.157.396,00 | 20.117.581,00 | 97,65 |
| Придонеси за социјално осигурување | 402 | 7.877.000,00 | 7.829.001,00 | 7.811.479,00 | 99,17 |
| Надоместоци | 404 | 300.000,00 | 240.391,00 | 240.391,00 | 80,13 |
| Патни и дневни расходи | 420 | 480.000,00 | 480.000,00 | 387.081,00 | 80,64 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 421 | 1.190.000,00 | 1.190.000,00 | 1.133.970,00 | 95,29 |
| Материјали и ситен инвентар | 423 | 190.000,00 | 190.000,00 | 171.401,00 | 90,21 |
| Поправки и тековно одржување | 424 | 425.000,00 | 425.000,00 | 423.972,00 | 99,76 |
| Договорни услуги | 425 | 985.000,00 | 985.000,00 | 984.912,00 | 99,99 |
| Други тековни расходи | 426 | 570.000,00 | 570.000,00 | 569.961,00 | 99,99 |
| Разни трансфери | 464 | 100.000,00 | 100.000,00 | 90.932,00 | 90,93 |
| Купување на опрема и машини | 480 | 116.000,00 | 116.000,00 | 114.455,00 | 98,67 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 485 | 490.000,00 | 490.000,00 | 478.892,00 | 97,73 |
| ВКУПНО | | **33.325.000,00** | **32.772.788,00** | **32.525.027,00** | **97,60** |

# Прилог 1: Случаи од праксата

## Сегрегација кон ученици Роми во Велес

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди постоење на сегрегација врз основа на расна и етничка припадност во областа на образованието, спроведена од страна на ООУ „Панко Брашнаров" – Велес и Општина Велес, насочена кон учениците Роми.

Во насока на надминување на оваа состојба, Комисијата упатува неколку препораки:

- Училиштето да преземе конкретни мерки за десегрегација на паралелките и да воспостави редовна практика на одржување вонннаставни активности со едукативна и инклузивна содржина, кои ќе ја поттикнат социјалната интеракција меѓу учениците Роми и учениците од другите етнички заедници.
- Општина Велес, при креирање на планот за реонизација, да внимава распределбата на учениците Роми да не резултира со нивна концентрација во едно училиште и да ја прекине праксата на одобрување упис во училишта надвор од утврдениот реон.
- Дополнително, општината да организира обуки за сензибилизација на вработените во секторот за образование и на раководните тимови во основните училишта, со цел да се подигне свеста и да се спречи појави на расна и етничка дискриминација, вклучително и сегрегација.

Комисијата ќе продолжи да го следи спроведувањето на овие препораки и очекува соработка од сите засегнати страни во интерес на секое дете, еднакво и достоинствено.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.

## Директна дискриминација врз основа на попреченост во пристап до нотарските услуги

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди постоење на директна дискриминација врз основа на попреченост во пристапот до нотарски услуги, како и вознемирување од страна на нотарка во односот со лице со попреченост.

Во насока на надминување на оваа неправда и обезбедување еднаков третман, Комисијата ги упатува следните препораки:

- Министерството за правда да предложи измени и дополнувања на Законот за нотаријат, со кои ќе се елиминираат дискриминаторските одредби и ќе се овозможи еднаков пристап до нотарските услуги за лицата со попреченост.
- Да се извршат измени на Нотарската тарифа, со цел лицата со попреченост да имаат ист финансиски трошок при користење на нотарски услуги, како и останатите граѓани.

- Нотарската комора да подготви Прирачник за постапување на нотари со странки со различни видови попреченост, што ќе им помогне на нотарите во практичното обезбедување пристапност и почитување на достоинството на сите граѓани. Исто така, Комората да ги измени одредбите во Кодексот за професионална етика на нотарите, со цел усогласување со Законот за спречување и заштита од дискриминација и јасно дефинирање на обврските за недискриминаторско постапување.

Комисијата ќе продолжи внимателно да го следи спроведувањето на овие препораки и изразува надеж дека институциите ќе дејствуваат со сериозност и одговорност, во интерес на унапредување на правата и достоинството на лицата со попреченост.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.

## Комисијата утврди индиректна дискриминација врз студенти со попреченост

